ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА
КОМУНАЛНИ УСЛУГИ
"КОМУНАЛЕЦ" с.о.
Бр. 02-350/1
21.04 202 2 год.
КРИВА ПАЛАНКА

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
КОМУНАЛЕЦ
КРИВА ПАЛАНКА

ЈП. ,КОМУНАЛЕЦ,, КРИВА ПАЛАНКА
Адреса :КриваПаланка , "Илинденска " бр. 17
Телефонифакс: 031 * 375-100 Директор : 375-747 Комерција
Жиросметка210040227035013О Тутунскабанка Скопје 320 - 1000050418 - 67
ЦентралнаКооперативна Банка -Скопје
*Жиросметка :240-3500013189 - 69 УНИ- Банка*
Е.Д.Б. МК4015989100876

До

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ
„КОМУНАЛЕЦ"- КРИВА ПАЛАНКА

# **И З В Е Ш Т А Ј**

## **ЗА РАБОТА НА ЈП„КОМУНАЛЕЦ-КРИВА ПАЛАНКА" ЗА 2021 ГОДИНА**

Април 2022 год. Крива Паланка

Основач на Јавното претпријатие Комуналец - Крива Паланка е Советот на Општина Крива Паланка и истото е основано во 1963 година.

Јавното претпријатие Комуналец - Крива Паланка се основа заради вршење дејност од јавен интерес а кое е незаменлив услов за живот и работа на граѓаните и правните субјекти на територија на Општина Крива Паланка.

Јавното претпријатие има својство на правно лице со своја трансакциска сметка, а за извршените и преземените обврски во правниот промет одговара со сиот свој имот ( целосна одговорност).

Седиште на Јавното претпријатие ЈП Комуналец-Крива Паланка е во Крива Паланка на ул„ Илинденска“ бр.17

ЈП Комуналец-Крива Паланка како претпријатие основано од страна на Совет на Општина Крива Паланка има за цел вршење на одредени комунални услуги во градот Крива Паланка и одредени приградски населби и тоа:

- Снабдување со вода за пиење (зафаќање, обработка и дистрибуција на вода преку водоснабдителниот систем до корисникот на услугата),
- Одведување и пречистување на отпадни води,
- Собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен и инертен отпад,
- Одржување на јавна чистота ( чистење, миење и метење на јавни површини, јавни и отворени простори за јавни објекти и чистење на снегот во зимски услови),
- Одржување на паркови, рекреативни површини и работи на спортски објекти, (изградба, одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегетација, косење и сечење на трева и гранки),
- поставување и одржување на јавно осветлување,
- одржување на гробишта,
- отворени и затворени пазари на големо и мало и др.

Работењето на претпријатието е организирано во V сектори во рамките на кои се наведените одделенија се со цел поквалитетно извршување на работните задачи:

1. СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ

- Одделение за општи и правни работи,
- Одделение за човечки ресурси и
- Одделение за јавни набавки

2. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

- Одделение за сметководство и
- Одделение за наплата

3. СЕКТОР ЗА ВОДОВОД, КАНАЛИЗАЦИЈА И ФИЛТЕР СТАНИЦА

- Одделение за планирање, следење и администрирање на технички работи,
- Одделение за одржувањена хлоринаторна станица и
- Одделение за водовод и канализација,
    - Оддел за електричари.

4. СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА,ПАЗАРИ И ГРОБИШТА:

- Одделение за јавна хигиена,
- Одделение за собирање, транспорт и депонирање на отпад,
- Одделение возен парк и
- Одделение за градежно одржување во рамките на кои постои
    - Оддел гробишта и
    - Оддел пазари.

5. СЕКТОР ЗА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО:

- Одделение за подигање на јавно зеленило
- Одделение за хортикултура
- Оддел спортски терени.

Орган на раководење е законскиот застапник на претпријатието М-р Миле Марковски дипломиран геодетски инжинер, кој согласно одредбите на чл.23 од Законот за Јавните претпријатија (Сл.весник на РМ“ број 38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 3/16; 64/18, 35/19; Службен весник на РСМ“ бр.275/19) го избира градоначалникот на Општина Крива Паланка. Директорот го застапува и претставува претпријатието како законски застапник.

Орган на управување е Управниот одбор на Јавното претпријатие, со членови кои ги именува и разрешува основачот со решение за именување на членови на Управниот орган. Во наведениот период се 7 члена и тоа:

- Емилија Давитковска,
- Стојан Младеновски,
- Игор Стоилковски,
- Горан Стојановски,
- Стефан Спасовски,

- Сашо Цветановски и
- Тони Велковски

Мандатот на горенаведените членовите беше до 03.12.2021 година кога се именувани други членови на Управниот одбор и тоа:

- Андријана Димитровска,
- Антони Стојановски,
- Мартин Петковски,
- Блаже Максимовски,
- Горан Костадиновски,
- Ласте Величковски и
- Моника Јовановска.

Во текот на известувачкиот период Управниот одбор има одржано 12 седници.

Контрола на материјалното финансиско работење на Јавното претпријатие ЈП Комуналец-Крива Паланка ја врши Надзорниот одбор за контрола на материјално -финансиското работење, кој е формиран со решение за именување на членови на Надзорниот одбор за контрола на материјалното финансиско работење на ЈП Комуналец-Крива Паланка и истиот брои 5 члена и тоа:

- Горан Костадиновски,
- Билјана Крстевска,
- Маја Ивановска,
- Ивица Велиновиќ и
- Дарко Ивановски.

Мандатот на горенаведените членовите беше до 03.12.2021година кога со решение се именувани други членови на Надзорниот одбор и тоа:

- Татјана Славова,
- Габриела Стојковски,
- Стојан Младеновски,
- Игор Стоилковски и
- Маја Ивановска-Митровска.

Во текот на известувачкиот период Надзорниот одбор има одржано 5 седници. На овие седници дадено е позитивно мислење за финансиските извештаи-годишна сметка на Јавното претпријатие за деловната 2021 година.

При изготвувањето на Извештајот за работа на ЈП Комуналец-Крива Паланка за 2021 година е појдено од интересите и целите на Претпријатието за постигнување на подобри резултати во работењето, целосно искористување на постојните капацитети, подигање на нивото на услугите, максимална ангажираност на вработените и смалување на трошоците во работењето, а предвидени со програмата за работа за 2021 година.

Заради законско извршување на своите работи на ЈП Комуналец-Крива Паланка преку Секторот за општи и правни работи тековно беа следени сите законски и подзаконски акти, а кои се однесуваа на работењето на претпријатието, на организационата поставеност согласно Законот за административни службеници и Законот за вработени во јавен сектор како и други закони и прописи од интерес за работењето на претпријатието.

За периодот од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година Секторот за општи и правни работи ги извршуваше своите работни цели и задачи, изготвување на одлуки, договори, потврди, извештаи и други акти за кореспонденција, решенија во врска со работниот однос на вработените, поднесување на тужби за физички и правни лица, барање за извршување, жалби, застапување на претпријатието пред судовите и други органи и институции како и материјали за седниците за Управен и Надзорен одбор.

Во делот на наплата на побарувањата се преземаа соодветни механизми, со цел намалување односно избегнување на дополнителните трошоци во постапката на извршување по основ на неплатени комунални услуги посебно на физички а и правни лица побарувањето на Претпријатието го остварувавме по вонсудски пат преку склучување на спогодби за наплата на долгот како и преку исклучување од водоводната мрежа на корисниците кои не ги плаќаа своите обврски. Како крајна мерка се превземаа поднесување на тужби од страна на ова одделение во рамките на Секторот за општи и правни работи. По доставување на опомени некои од корисниците реагираа, доаѓаа и склучуваа спогодби за наплата на долгот на рати, а на корисниците кои редовно не ги плаќаа своите обврски, како крајна мерка се превземаше поднесување на тужби и предлози за извршување при што за горенаведениот период беа поднесени вкупно 68 тужби (решенија за издавање на нотарски платен налог) од кои 50 за физички и 18 за правни лица.

Преку Одделението за човечки ресурси се овозможува целосен и јасен преглед за секој вработен преку електронската евиденција во информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР).

Заклучно со 31.12.2021 година бројот на вработените во претпријатието изнесува 91 вработени организирани во три главни групи и тоа административни службеници, даватели на јавни услуги и помошно технички лица. Во 2021 година по разни основи на 8 вработени им престанал работниот однос во ЈП Комуналец Крива Паланка. Оваа година правото на старосна пензија е остварено од страна на 3 лица, на 1 лице е

откажан договорот за вработување затоа што по користењето на оправданото неплатено отсуство не се јави на работа во законски предвидениот рок, на 3 лица по нивно барање, додека на 1 лице поради утврдена трајна неспособност за работа односно губење на работната способност поради болест. Преку распишување на јавен оглас беа вработени вкупно 9 лица во редовен работен однос распоредени во разни сектори. За потребите на ЈП Комуналец-Крива Паланка преку Агенцијата за привремени вработувања привремено беа ангажирани 11 лица за одреден период, како и лица по пат на Договор за дело вкупно 30 лица за вршење на повремени работи врзани за дејноста на Претпријатието, поради зголемен обем на работа во одредени периоди од годината.

Со цел стручно усовршување на административните службеници спроведени се неколку онлине обуки за вработените во претпријатието.

## Платен промет

Јавното претпријатие потребните активности за извршување на платниот промет ги извршува во рамките на пропишаните одредби за таа намена, притоа има отворено четири денарски сметки и тоа Централна Кооперативна Банка АД Скопје, НЛБ Тутунска Банка АД Скопје, Стопанска Банка АД Скопје и УНИ АД Скопје како носители на платен промет, односно како што следува:

| | Жиро сметка | Депонент во |
|---|---|---|
| Денарска сметка | 320100005041867 | Централна Кооперативна Банка АД Скопје |
| Денарска сметка | 210040270350130 | НЛБ Тутунска банка АД Скопје |
| Денарска сметка | 200001736344224 | Стопанска Банка АД Скопје |
| Денарска сметка | 240350001318969 | УНИ Банка АД Скопје |

# СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ И НАЧЕЛА

## Основни начела

Јавното претпријатие ги изготвува финансиските извештаи засновано врз пресметковна основа (фактурирана реализација), при што ефектите на трансакциите и другите настани се признати кога се настанати.

## Приходи

Приходите се признаваат до степенот до кој е веројатно дека претпријатието ќе има прилив на идни економски користи и тие користи можат веродостојно да се измерат. Приходот се вреднува според објективната вредност на примениот надомест или побарувањето за продадените добра и услуги намалени за данокот на додадена вредност.

Приходите од давање на услуги се признаваат за периодот во кој услугите се дадени и прифатени од купувачот.

## Расходи

Расходите се прикажуваат врз принципот на пресметковна основа. Расходите се признаваат во висина на направените трошоци за да се реализира приходот, во период кога се признава соодветниот приход.

Трошоците за одржување и поправка на недвижности, постројки и опрема се признаваат преку Билансот на успех и се искажуваат во моментот на нивното настанување во висина на ефективните износи.

## Приходи од камати

Каматите настанати по основ на денарски влогови и побарувања од деловните односи, се искажуваат како останати приходи. Приходи од камати се искажуваат во моментот на нивното настанување, преку Билансот на успех.

Финансиските приходите се признаваат на временска основа според каматна стапка која го одразува ефективниот принос на средствата.

## Нематеријални и материјални средства

Како нематеријални и материјални средства се сметаат правата односно предметите чиј поединечен трошок на набавка е поголем од 500 ЕВРА и корисниот век на употреба е подолг од една година.

Нематеријалните и материјалните средства се искажуваат по набавни цени намалени за акумулираната амортизација и акумулираната загуба заради обезвреднување. Набавната вредност ја чини фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.

## Амортизација

Амортизацијата на нетековни материјални средства (недвижности, постројки и опрема) и на нематеријалните средства се пресметува пропорционално, со цел набавната вредност на средствата целосно да се отпише во нивниот проценет годишен век. Амортизацијата започнува да се пресметува со ставање на средствата во употреба.

Средството почнува да се амортизира кога станува расположливо за употреба, а пресметката на амортизација престанува кога средството е класифицирано како средство за продажба. Средството не престанува да се

амортизира кога тоа останува неискористено или се повлекува од активна употреба, освен кога средството е целосно амортизирано.

Секоја ставка од средствата треба поединечно да се амортизира.

Износот по којшто се депрецира средството треба да биде алоцирано на системска основа во текот на корисниот век на употреба.

Векот на употреба на средството е дефиниран од очекуваната корисност на средството за ентитетот. Векот на употреба може да биде пократок од неговиот економски век. Проценката на векот на употреба на средството е предмет на расудување врз основа на искуство на ентитетот.

Земјиштето има неограничена употреба и не се амортизира.

Трошокот за депрецијација за секој период треба да биде признаен во добивката или загубата освен ако тоа не е вклучено во сметководствената вредност на друго средство.

Основица за пресметување на амортизацијата претставува набавната вредност, односно ревалоризационата вредност на средствата.

Набавната вредност на средствата согласно прифатените сметководствени стандарди ја сочинуваат куповната цена (фактурната вредност), зголемена за увозните давачки и даноците кои не се рефундираат при купувањето и сите други издатоци кои директно се пропишуваат на подготвувањето на средството за неговата наменета употреба. Сите трговски попусти и рабати се одбиваат при утврдувањето на набавната вредност.

Амортизацијата се пресметува поединечно за секое средство во рамките на амортизационите групи утврдени од страна на правниот субјект се додека вредноста на средствата не биде во целост надоместена, а годишните стапки се како што следува:

| | |
|---|---|
| Недвижности (градежни објекти) | 2,5% |
| Деловен инвентар (опрема, погонски и деловен инвентар) | 5% |
| Возила (транспортни средства) | 10% |
| Мебел и деловен инвентар | 20% |
| Компјутерска опрема и софтвер | 25% |
| Телекомуникациска опрема | 20% |
| Нематеријални средства | 20% |

Кога ќе се надомести вредноста која претставува основица за пресметување на амортизацијата, односно кога износот на набавната вредност на средствата е еднаков на отпишаната вредност, престанува натамошното пресметување на амортизацијата.

## Побарувања по основ на продажба

Побарувањата од купувачи и останатите побарувања првично се признаваат по објективна вредност на надоместот кој се очекува. Мерењето на побарувањата се врши според нивната номинална вредност.

## Залихи

Залихите се средства во облик на суровини или помошни материјали кои се трошат во производството или во давањето на услугите.

Залихите треба да се мерат според износот на трошоците или нето реализационата вредност, во зависност од тоа која од нив е пониска.

Трошоците на залихите ги опфаќаат трошоците на набавката, трошоците на конверзијата и другите трошоци што се стекнуваат со цел залихите да се доведат на постојната локација во постојните услови.

Трошоците на набавката на залихите ги опфаќаат набавната цена, увозната царина и другите даноци, превозот, манипулативните и другите трошоци. Трговските попусти, рабатите и другите слични ставки се одземаат при утврдувањето на трошоците на набавката.

Ситниот инвентар, алатот и автогумите се отпишуваат за 100 % од вредноста при ставање во употреба.

## Парични средства

Паричните средства на сметките кај носителите на платниот промет и во благајната се искажуваат во номинален износ според доставениот извод за состојбата на сметките и благајничкиот извештај.

Оперативните обврски кон добавувачите и останатите краткорочни обврски се мерат според вредноста на примените средства. Обврските по заеми, обврските за аванси, депозити и гаранции, обврските спрема добавувачите, обврските спрема вработените, обврски за даноци, придонеси и други давачки и останатите краткорочни обврски се искажуваат во вредност која е искажана во соодветна сметководствена исправа, зголемена за каматите според склучениот договор, пропис односно одлука на надлежниот орган на друштвото.

Овие обврски се класифицираат како краткорочни доколку рокот на доспевање им е до 12 месеци, а ако овој рок е подолг од 12 месеци се класифицираат како долгорочни.

## Капитал и резерви

Капиталот ги опфаќа иницијалните сопствени средства за работење заедно со акумулираната добивка распоредена во овој фонд, другите акумулирани приходи и распоредената ревалоризациона резерва.

Законските резерви се издвојуваат во висина од 5% од нето добивката се додека резервите на субјектот не достигнат износ кој е еднаков на (1/10) една десетина од основната главнина. Намалувањето на оваа резерва по било кој основ треба да се надомести.

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ / ГОДИШНА СМЕТКА

### Цели на финансиските извештаи

Целта на финансиските извештаи е тоа што тие даваат информации за финансиската состојба, резултатот и промените во финансиската состојба, потребни за голем број на корисници на овие извештаи. Тие треба објективно да ја презентираат финансиската состојба, финансиските резултати и паричните текови на ентитетот што подразбира верна презентација на ефектите од трансакциите, другите настани и состојби во согласност со дефинициите и критериумите за признавање на средствата, обврските, приходите и расходите.

### Кои се елементите на финансиските извештаи ?

За мерењето на финансиската состојба се пропишани неколку елементи:
- Средствата;
- Обврските;
- Главнината/ капиталот.

Средствата претставуваат ресурс контролиран од страна на ентитетот како резултат на минати настани од кој се очекува прилив на идни економски користи за ентитетот.

Обврската претставува сегашна облигација на претпријатието која произлегува од минати настани, за чиешто подмирување се очекува одлив на ресурси на претпријатието кои содржат економски користи. Обврската треба да претставува сегашна обврска односно обврска која на денот на известувањето не е подмирена.

Обврската треба да се искаже само кога средството ќе биде испорачано. Покрај наведеното, треба да се истакне дека се дозволува обврските да се искажат и кога се врши проценка, односно резервирања за одделни идни настани.

Капиталот е остатокот на учеството во средствата на ентитетот по одземањето на сите негови обврски.

Покрај наведените елементи треба да се истакне дека во билансот на успех се користи елементот резултат, односно добивка/ загуба. Добивката најчесто се користи како мерка за резултатот како што се повратот на инвестициите или заработувачката по акција. Елементите кои учествуваат во креирање на резултатот се приходите и расходите кои припаѓаат на тековниот пресметковен период.

Средствата се признаваат во билансот на состојба кога е веројатно дека идните економски користи ќе се влеат во ентитетот и кога тоа има набавна вредност или друга вредност која може да се измери. Доколку не се очекуваат економски користи во наредниот период, тогаш издатокот нема да добие третман на средство, туку како трошок во билансот на успех.

Обврските се признаваат во билансот на состојба кога е веројатно дека ќе има одлив на ресурси како резултат на подмирување на сегашните обврски.

Приходите се признаваат во билансот на успех кога ќе настане зголемување на идни економски користи поврзани со зголемување на средство или намалување на обврски и истите може веродостојно да се измерат. Приходите треба да се мерат според објективната вредност на надоместокот кој што е примен или се побарува.

Треба да се истакне дека расходите се признаваат во билансот на успех врз основа на директна поврзаност помеѓу направените трошоци и заработката, што претставува спротивставување на расходите со приходите.

**Како се мерат елементите на финансиските извештаи?**

- Историска набавна вредност, според кое средствата се евидентираат според износот на паричните средства кои се платени или според објективната вредност на надоместокот даден за нивно стекнување, додека обврските според износот на примените приливи во замена за обврската или износот на пари кои се очекува да бидат платени за да се подмири обврската;
- Тековни трошоци, според кои средствата се евидентираат се износот на паричните средства кои требало да се платат доколку тековно би било стекнато исто или еквивалентно средство, додека обврските се евидентираат според недисконтиран износ на пари кои би биле потребни за тековно подмирување на обврската;
- Реализациона вредност, според кое средствата се евидентираат според износот на парични средства кои можат да се добијат со продажба на средствата по пат на редовно отуѓување. Обврските се евидентираат според набавната вредност.

***ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИВКА ИЛИ ЗАГУБА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ КРИВА ПАЛАНКА ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2021 ДО 31.12.2021***

| *Позиција* | *Тековна година (2021)* |
|---|---|
| Приходи од продажба | 61.145.470 |
| Останати оперативни приходи | 781.232 |
| Потрошени материјали и ситен инвентар | 10.742.058 |
| Трошоци за вработените | 35.412.998 |
| Амортизација и ревалориз. на амортизација | 4.397.510 |
| Останати оперативни расходи | 11.064.307 |
| *Добивка/загуба од оперативно работење* | **309.829** |
| Данок на добивка | 104.603 |
| *Нето добивка/загуба од редов. активности* | 205.226 |
| **Нето добивка/загуба** | **205.226** |

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ КРИВА ПАЛАНКА**
**ОД 01.01.2021 ДО 31.12.2021**

| *По-зи-ција* | *Назив на позицијата* | *Тек. година (2021)* |
|---|---|---|
| **I** | **Добивка/загуба за периодот** | **205.226** |
| **II** | **Останата сеопфатна добивка / загуба за периодот којашто не се прикажува во Билансот на успехот (пред оданочување)** | |
| 1. | Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење | |
| 2. | Промена на ревалоризационите резерви на долгорочните материјални и нематеријални средства | |
| 3. | Добивка или загуба врз основа на дополнително вреднување на финансиските средства кои се расположливи за продажба | |
| 4. | Добивка или загуба врз основа на инструменти за заштита од ризикот од паричните текови | |
| 5. | Добивка или загуба врз основа на инструменти за заштита од ризикот од нето вложување во странско работење | |
| 6. | Удел во останатата сеопфатна добивка/загуба на придружените друштва | |
| 7. | Актуарски добивки/загуби по дефинирани планови за користи | |
| **III** | Данок на добивка на останатата сеопфатна добивка за периодот (10%) | |
| **IV** | Нето останата сеопфатна добивка/загуба за периодот | |
| **V** | Сеопфатна добивка/загуба за периодот | |
| **VI** | Сеопфатна добивка/загуба за периодот што припаѓа на: *Позицијата VI, според нас, би требало да се пополни само при составувањена консолидирани финансиски извештаи.* | |
| 1. | Сопственици на капиталот на матичното друштво | |
| 2. | Неконтролирано учество (Малцински интерес) | |

## *ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ КРИВА ПАЛАНКА*

### *на ден 31.12.2021година*

| СРЕДСТВА | 31.12.2021 |
|---|---|
| **А) Побарувања за запишан а неуплатен капитал** | |
| **Б) Долгорочни средства** | **56.215.189** |
| Нематеријални средства | |
| Материјални средства | 56.215.189 |
| Долгорочни вложувања | |
| Долгорочни побарувања | |
| **Тековни средства** | **50.704.584** |
| Залихи | 2.651.338 |
| Побарувања од купувачи | 46.687.589 |
| Побарув. за аванси во земјата | |
| Останати краткор. побарувања | 830.043 |
| Краткорочни фин. вложувања | |
| Активни времен. разграничува | |
| Парич. средства и еквиваленти на парични средства | 535.614 |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **106.919.773** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | |
| **Капитал и резерви** | **79.384.461** |
| Запишан капитал | 75.046.873 |
| Премии на емитирани акции | |
| Ревалоризациона резерва | |
| Резерви | 1.828.745 |
| Акумулирана добивка/загуба | 2.303.617 |
| Нето добивка од акумулирана добивка | 205.226 |
| **Долгорочни резервирања за ризици и трошоци** | |
| **Малцински интерес** | |
| **Долгорочни обврски( кредит)** | 4.317.204 |
| **Тековни обврски** | **23.218.108** |
| Обврски спрема добавувачи | 9.566.795 |
| Останати краткорочни обврски | 13.651.313 |
| Обврски за аванси | |

| | |
|---|---|
| Обврски по краткор. кредити | |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идните периоди | |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | **106.919.773** |

## СОСТАВУВАЊЕ НА ГОДИШНА СМЕТКА И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

На крајот на фискалната година, пред составување на годишната сметка, јавните претпријатија се обврзни да ги спроведат следните чекори:

- Книжење на сите деловни промени кои се однесуваат на пресметковниот период;
- Да извршат усогласување на сметководствената состојба на средствата со фактичката состојба утврдена на пописот;
- Да извршат пресметка на амортизацијата;
- Да извршат пресметка на данокот на добивка;
- Годишната сметка треба да се достави најдоцна до 28 Февруари 2022 година до:
- Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар.
- Управата за јавни приходи - Даночен биланс

Јавните претпријатија се должни да ги достават следните обрасци:

- Биланс на успех ( Извештај за добивка или загуба);
- Биланс на состојба (Извештај за финансиска состојба);
- Извештај за останата сеопфатна добивка;
- Објаснувачки белешки;
- Даночен биланс за оданочување на добивка;
- Образец ДЕ - Посебни податоци за државна евиденција;
- Образец СПД - структура на приходи по дејности;

Во продолжение е изнесено резиме на позначајните сметководствени политики кои беа применети при подготовка на финансиските извештаи/ годишна сметка на Јавното претпријатие на 31 декември 2021 година. Сметководствените политики се применуваат конзистентно во текот на целата презентирана година, во се еднакво како и за претходната година.

### Материјални трошоци

Материјалните трошоци ги сочинуваат трошоците направени во текот на оперативното работење, и тоа:

| Опис | 2021 |
|---|---|
| Потрошени суровини и материјали | 4.924.369 |
| Потрошена енергија и гориво | 3.803.902 |
| Потрошени резервни делови | 2.013.787 |
| Транспортни услуги | 401.306 |
| Наемнини - лизинг | 194.582 |
| Останати услуги | 1.002.415 |
| **Вкупно:** | **12.340.361** |

Потрошени суровини и материјали,потрошен канцелариски материјал, потрошен материјал за чистење и тековно одржување, потрошени средства за заштита при работа.

Потрошена енергија се однесува за потрошената електрична енергија, потрошено гориво.

Потрошени резервни делови се однесуваат на набавките на резервни делови за одржување на материјални средства.

Транспортни услуги се однесуваат на поштенските трошоци, телефонски трошоци, трошоци за мобилни телефони и интернет.

Наемнини-лизинг се однесува на закупнини на GPS.

Останати услуги се однесуваат трошоци за регистрација и технички преглед на службени патнички и товарни возила, услуги за користење на пат - патарини, трошоци за софтвер и одржување на софтвер, извршени анализи на вода за пиење од страна на Заводот за здравствена заштита и Републичкиот завод и трошоци за дезинфекција и дератизација.

## Трошоци за бруто плати

Трошоците за бруто плати за 2021 година во износ од 87.867 илјади денари

| Опис | 2021 |
|---|---|
| Вкалкулирани плати | 33.432.139 |
| **Вкупно:** | **33.432.139** |

Трошоците за вработените ги опфаќаат нето платите и надоместоците за вработените како и данокот од плати и придонесите за: здравствено, пензиско и инвалидско осигурување и придонес за вработување.

## Останати оперативни трошоци

| Опис | 2021 |
|---|---|
| Надомест на трошоците на вработените, подароци и помошти | 1.980.859 |
| Трошоци за надомест и др.примања на членови на УО и НО | 584.537 |
| Трошоци за промоција, пропаганда, репрезентација и спонзорство | 69.273 |
| Премии за осигурување | 198.607 |
| Банкарски услуги и трошоци на платниот промет | 135.468 |
| Даноци, придонеси, членарини и други давачки кои не зависат од резултатот | 441.600 |
| Останати нематеријални трошоци по доовор на дело и агенција | 7.461.390 |
| Кусоци и расходи | 2.244 |
| Останати расходи од работење | 178.067 |
| **Вкупно:** | **11.052.045** |

### Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства

Амотизацијата по минимални стапки ја сочинува пресметаната амортизација согласно сметководствените политики.За 2021 година е пресметан расход за амортизација во износ од 4.397.510 ден

Надоместот на трошоците на вработените се однесуваат на надомест за отпремнина при заминување во пензија, регрес за годишен одмор, трошоци за здравстени прегледи на вработени, трошоци за обука и специјализација на вработени, трошоци за семинари и други надоместоци на трошоци на вработените.
Останати нематеријални трошоци опфаќаат трошоци за исплатите за правни- адвокатски и нотарски услуги, услуги за вештачење, надомести за лица ангажирани преку агенција за времени вработувања и провизија за ангажирани работници, услуги по договор за дело, трошоци за утврдување на тарифи за водни услуги, трошоци за претплата на стручни списанија, трошоци за огласување во весник, трошоци за објавување оглас - тендер, судски трошоци и други неспомнати нематеријални трошоци.

### Расходи по основ на камати и по пресуди

| Опис | 2021 |
|---|---|
| Отпис на побарувања по судски пресуди | 235.331 |
| Камати од работењето со неповрзани субјекти | 159.487 |
| **Вкупно:** | **394.818** |

### БИЛАНС НА СОСТОЈБА АКТИВА

### Тековни средства

### Парични средства

Паричните средства на ден 31 Декември 2021 година се прикажани во следната табела:

| ОПИС | 2021 |
|---|---|
| Трансакциски сметки | 463.391 |
| Благајна | 72.222 |
| **Вкупно:** | **535.613** |

### Побарувања од продажба и услуги

| Опис | |
|---|---|
| Побарувања од купувачи по различни основи состојба 01.01.2021 | 47.037.116 |
| Побарувања од купувачи по различни основи состојба 31.12.2021 | 45.462.649 |

## Залихи

Залихите ги сочинуваат:

| опис | 2021 |
|---|---|
| Суровини и материјали на залиха | 2.653.782 |
| Ситен инвентар во употреба | 516.255 |
| **Вкупно:** | **3.170.037** |

Обврските кон добавувачите за 2021 година во износ од 9.563.255 денари.

## Останати краткорочни обврски

Останати краткорочни обврски за 2021 година во износ од 13.067.804 милиони денари

| Опис | 2021 |
|---|---|
| Обврски за даноци и придонеси на плата и плати за вработени | 2.885.687 |
| Обврски за персонален данок на доход | 616.414 |
| Обврски по договор на дело | 283.999 |
| Обврски за Управен и Надзорен Одбор | 208.720 |
| Обврски за одржување на јавни површини на физички и правни лица | 6.839.230 |
| Обврска за надоместок за користење на вода | 2.233.754 |
| **Вкупно:** | **13.067.804** |

## Обврска по кредит

Обврска по кредит заклучно со 31.12.2021 година износува 4.317.204 денари. А тековните рати по истиот се платени во целост во износ од 1.108.766

## Нетековни обврски

### Капитал

Капиталот во износ од 75.046.876 денари ги претставува сопствените трајни извори на средства за работење на Јавното претпријатие. Капиталот може да се користи за покривање на загубата, доколку резервите не се доволни за тоа.

**Резерви**

Во 2021 година резервите изнесуваат 1.828.745 денари.

**Акумулирана Добивка**

Акумулиранаата добивка за 2021 година изнесува 2.303.617 денари додека пак добивката за 2021 година изнесува 205.226 денари.

Во 2021 година ЈП Комуналец Крива Паланка има инвестирано во

- набавка на земјиште за проширување на депонија во износ од 245.000 денари
- мрежна опрема за инсталација на сервер во износ од 254.049 денари
- Возило Fiat Doblo 735.000 денари
- Компјутерска опрема во износ од ( три компјутери и два принтери) 160.700 денари
- Сервер 380.000
- Во 2021 имаме добиено возило 100.000 денари како донација.

Како во изминатиот период, така и во 2021 година, ЈП„Комуналец"- Крива Паланка редовно ги одржуваше водоводната и канализациона инсталација со која што стопанисува.

ЈП„Комуналец"- Крива Паланка во 2021 год. стопанисуваше со осум водоводи во општината и тоа:

- Градски водовод „ Калин Камен "
- Водовод „ Скрљава и Белево "
- Водовод „Трнци"
- Водовод Граничен премин „ Деве Баир "
- Водовод „Узем-Жидилово"
- Водовод „Видња" во с.Дурачка Река и Маневци
- Водовод „ Деловодци – Чивлк " во с.Конопница
- Водовод „ Луке " во с.Луке

Водоводот во село Станци е предаден на ЈП„Комуналец"- Крива Паланка од Советот на Општина Крива Паланка, формирана е заедничка комисија со Општина Крива Паланка, наместени се водомери и во 2022 година по завршување на потребните активности околу овој водоводен систем ќе биде комплетно превземен.

Од **Градскиот водовод „ Калин Камен“** со вода се снабдува градот, приградските населби и дел од населбата „Грамаѓе“ во село Конопница. Водата за градскиот водовод доаѓа од изворите во „Калин Камен“ по гравитационен транспортен цевковод.

Бидејќи за 2021 година беше планирано да се продолжи со активности за санација на изворите на Калин Камен, во текот на летото, екипа од вработени во сектор за водовод и канализација, реализира дел од предвидените работи, односно беа санирани две захвата со издашност од 1л/сек. Трошокот за санирање беше од сопствени средства.

Во 2021 година беше планирано да направиме заштитни зони во Калин Камен како и за бунарскиот систем „Свети Никола“ како што се предвидени во елаборатите за заштитни зони. Ова не е направено, бидејќи сеуште немаме добиено Решение за истите од Министерство за здравство и од Министерство за животна средина и просторно планирање.Кога ќе добиеме Решение, ќе ја реализираме оваа активност.

Како што беше предвидено во Програмата за работа за 2021 година, се продолжи со реализација на Проектот за замена и инсталација на мерни инструменти и нивна интеграција во мобилна мрежа за далечинско отчитување комплет со надоградба, инсталација и конфигурација на опрема за отчитување во Општина Крива Паланка. ЈП „Комуналец“ вршеше демонтажата на старите водомери и монтирање на нови водомери. Со реализацијата на овој проект е овозможено прецизно мерење на испорачаната вода до крајниот корисник, складирање и обработка на податоците во софтвер за отчитување. Од овие податоци може да се открие манипулација направена од страна на корисникот, да се детектира дефект на внатрешната мрежа и да се извести корисникот да го санира настанатиот дефект. Бидејќи отчитувањето е врз база на примање на сигнали од радио модулот, податоците се отчитуваат без да има потреба од влегување во становите во колективните згради или во дворовите, ако истите се заклучени. Се направија нови Договори со сите корисници кај кои се заменија старите водомери и со тоа е направено ажурирање на податоците на корисници на наши услуги.

При реконструкција на градскиот плоштад, ЈП„Комуналец - Крива Паланка направи замена на дотраени водоводни линии и фасонски делови со различни профили и санирање на шахти.

Во изминатата година, ЈП „Комуналец“- Крива Паланка продолжи со реализацијата на проектот за реконструкција на дел од водоводната мрежа во Крива Паланка и тоа се правеа поврзувања на постојните водоводни приклучоци од стара на новата линија на дел од улица „Партизанска“ и дел од улица „Моша Пијаде“.

Во 2021 година заменивме дел од стара водоводна мрежа каде што имаме често дефекти и тоа: на улица „Херој Карпош“, улица „Баглачка“ , улица „Никола Тесла“, улица „ Илинденска“( зад Балкан), нас.Белево и Бегови бавчи и се направи поврзување на постоечките приклучоци. Сите овие активности беа извршени во педиод пред асфалтирање,поплочуване или изработка на потпорни ѕидови во договор со Општина, а со финасиски средства на ЈП „Комуналец“. Овие потрошени финансиски средства се оправдани, бидејќи

знатно е намален бројот на дефекти,а со тоа и трошок за делови, како и загубите на вода во мрежата.

Водоснабдувањето со вода на населението од Висока зона десен брег во поголем дел е завршено, ЈП „Комуналец“ направи напори да го реши проблемот со водоснабдувањето во Домачки Дол со тоа што направи поврзување на постоечкиот приклучок на нас. Осичка Маала и Домачки Дол со веќе изградениот резервоар во кругот на Филтер станица. Овој резервоар е саниран , поставени се потребните фасонски делови, ископана е трасата и поставени се цевки во должина од 204 метри. Во првиот квартал од 2021 година поставиме регулациони вентили на делови од мрежата за да се избегне поголем притисок на пониските делови од Осичка маала.За оваа активност финансиските средства се исто така од ЈП „Комуналец“.

Во минатата година преку овој систем на водовод до граѓаните се дистрибуирани 552 148 м³ вода.

**Водоводот „Скрљава и Белево“** ги снабдува со вода граѓаните од населбата Белево, нас.Скрљава и дел од Грамаѓе. Водата за овој водовод преку доводниот цевковод по гравитација доаѓа од изворите во Бурилова Чука во Дренак и од изворите во месноста викана Голема Ливада и извор во атарот на село Мартиница. Во август и септември е направена санација на дел од захватите за овој водовод.

Преку овој водовод во 2021 година се дистрибуирани 27 324 м³ вода за пиење до граѓаните во горенаведените населби.

**Водоводот „Трнци“** ги снабдува со вода граѓаните од маалата „Трнци“ во село Конопница и дел од село Мождивњак. Водата со пумпа се вади од бунар преку постојниот цевковод, се носи во резервоарот, а потоа по гравитација доаѓа до корисниците. На овој водовод веќе неколку години е планирано поврзување со водовод „Деловодци“, но не се изреализира и останува за реализација во наредната 2022 година во соработка со Општина Крива Паланка. Во август од страна на Совет на Општина Крива Паланка донесена е Одлука за давање на согласност на ЈП„Комуналец“ – Крива Паланка за примање во сопственост и владение на водоводниот систем во село Конопница - маала „Трнци“ кој бил изграден од страна на ПРОЛЕТЕР АД за П.Т.У од с.Конопница – Крива Паланка. Направан е Договор со кој се уредуваат правата и обврските на договорните страни и наредната година ќе се превземат потребните активности.

Во 2021 година од овој систем корисниците имаат потрошено односно фактурирано 13 193 м³ вода.

**Водоводот „ Деве Баир“** ги снабдува со вода комплет сите објекти на Граничниот премин Деве Баир, ПС „Рамна Нива“ и шест индивидуални стамбени згради околу преминот. Водата во овој систем доаѓа од трите извори во „Бождарица“. И на овој водоводен систем направивме замена на дел на

водоводна мрежа на делот каде што имавме најчесто дефеци. Во 2021 година преку овој водовод се дистрибуирани 6 651 м³ вода.

**Водоводот „Узем-Жидилово“** со вода за пиење снабдува дел од населението од село Узем и село Жидилово кои живеат по течението на Крива Река. Водата во овој систем доаѓа од изворот „Селиште“ во Костур. Жителите на овие села имаат сопствени води и оваа вода ја користат само кога нивните води ќе намалат или пресушат. Бидејќи се работи на патот кон Граничен премин „Деве Баир“, повеќе пати од страна на изведувачот на овој проект имаше кинење на водоводната линија и истото беше санирано од нашите вработени,а трошокот за санирање беше на терет на изведувачот на проектот.

Во 2021 година преку овој водовод се фактурирани само 3 882 м³ вода, што значи и оваа година со остварените средства се покриени само анализите за испитување на водата и средствата за хлорирање.

**Водоводот „Видња-Змаевац“** ги снабдува со вода за пиење граѓаните од с.Дурачка Река, како и дел од граѓаните од населба Маневци. Како во изминатите години, така и во 2021 година количините на вода од овие системи беа доволни за задоволување на потребите на корисниците.

Во минатата година од овој водовод се фактурирани 11 986 м³ вода.

**Водоводот „Деловодци-Чивлк“** снабдува со вода за пиење дел од населението во село Конопница и тоа маалите: „Деловодци, Стамболици, Чивлк, Дом и Карпина Мала“. И оваа година, како и во претходните, сменивме дел од црево на главната линија (од Домот кон Трнци). Како претходните години, така и оваа година од поројните дождови неколку пати дојде и до пробивање на дел од захватите, екипа од секторот веднаш пристапи кон санирање на истите за да може во најкраток рок да се воспостави нормално дистрибуирање на вода до корисниците. Поради ова моравме многу често да ги чистиме резервоарите,да ја испираме линијата и да правиме хиперхлорирање. Во 2021 година корисниците на вода од овие водоводи имаа доволна количина на вода за задоволување на потребите,освен во летниот период кога водата енормно се троши за наводнување и корисниците на вода на повисоките делови од овие маали имаа недостиг на вода.

Беше планирано комплетно превземање на сите резервоари (што се снабдуваат со вода за пиење од изворите во долината на Селска Река) како би можеле правилно да менаџираме со расположивата количина на вода во поделни резервоари,но истото не е направено бидејќи од страна на Месната заедница од село Конопница сеуште не се предадени клучевите.

Во 2021 година преку овој водовод се фактурирани 13 050 м ³ вода.

**Водовод „Луке“** - на новоизградениот водовод беа приклучени сите корисниците кои доставија барање за користење на вода за пиење од овој водовод, а за истите постојат хидротехнички услови. Инсталираме и водомери

за да може да се врши мерење на потрошената количина на вода кон крајот на годината..

Според горенаведените податоци во 2021 година од сите седум водоводи до граѓаните се дистрибуирани 628 252 м³ вода од кои 77 588 м³ вода до правни субјекти и 550 664 м³ до домаќинства. Исто така 112 500 м³ вода наменски е потрошена и тоа за јавни чешми и фонтани, перење на водоводни објекти и улици, сопствени потреби (Пазар,гробишта и други објекти) , одржување на зеленило, водоснабдување на ул.„Единство".

Одржувањето на водоводната мрежа на сите водоводи се вршеше редовно и навремено, а во саботите, неделите и државните празници имаме дежурни вработени во секторот,како и 24 часовно дежурство на Градските резервоари.

Во изминатиот период се извршени следните работи:

- Интервенции на дефекти на водоводна мрежа бр. 694
- Чистење на водомери бр. 7
- Приклучување на градска водоводна мрежа бр. 14
- Приклучување на водовод Трнци бр. /
- Приклучување на водовод Узем-Жидилово бр. 1
- Приклучување на водовод Видња-Змаевац бр. 2
- Приклучување на водовод Деловодци-Чивлк бр. 3
- Приклучување на водовод Скрљава бр. /
- Приклучување на водовод Деве Баир бр. /
- Приклучување на водовод Луке бр. 12
- Оддвојување на водомери бр . 12
- Замена на механизми бр. /

За следење на квалитетот и здравствената исправност на водата за пиење според позитивните законски прописи, редовно се земаат мостри од сите водоводи со кои стопанисува ЈП„Комуналец"-Крива Паланка.

1. Градски водовод „Калин Камен"
2. Водовод „Скрљава"
3. Водовод „ Трнци"
4. Водовод „Узем-Жидилово"
5. Водовод Граничен премин „Деве Баир"
6. Водовод ,, Видња-Змаевац,,
7. Водовод „ Деловодци-Чивлк"
8. Бунарски систем „ Св.Никола" во Крива Паланка

Земените мостри од горенаведените водоводи се доставуваат во Центар за јавно здравје – Куманово, кои вршат контрола преку основна анализа која опфаќа мала физичко – хемиска анализа и микробиолошка. Исто така, мостри се доставуваат и во Институтот за јавно здравје на РСМ во Скопје, анализа на водата вршат преку периодична анализа ,која опфаќа голема физичко – хемиска анализа, бактериолошка, паразитолошка, радиоактивност и присуство на пестициди.

Обемот и видот на испитувањето на водата за пиење е утврден според посебна програма,која секоја година ја изготвува ЈП „Комуналец"- Крива Паланка во согласност со Правилникот за безбедност на водата за пиење („ Сл.весник" на РСМ,бр.183 од 2018 год.)

Програмата е потпишана од страна на Центар за јавно здравје-Куманово и ЈП„Комуналец"-Крива Паланка.

Земање на мостри за анализа на водата за пиење е одредена согласно Прилог 2 , Табела 1 и 2 од Правилникот а според добиените податоци за дистрибуираната количина на вода изразена во $m^3$/ден за горенаведените водоводи со кои стопанисува ЈП„Комуналец"- Кр.Паланка треба да се извршат задолжителни анализи само за Градски водовод „Калин Камен" за **2021** година, меѓутоа ЈП„Комуналец"- Кр.Паланка направи по неколку анализи за секој водовод поединечно и тоа:

| | |
|---|---|
| 1. Градскиот водовод | 26 физ.хемиски и 26 бактериолошки |
| 2. Скрљава | 6 физ.хемиски и 6 бактериолошки |
| 3. Трнци | 6 физ.хемиски и 6 бактериолошки |
| 4. Узем-Жидилово | 4 физ.хемиски и 4 бактериолошки |
| 5. Гр. Премин Деве Баир | 4 физ.хемиски и 4 бактериолошки |
| 6. Видња-Змаевац | 6 физ.хемиски и 6 бактериолошки |
| 7. Деловодци- Чивлк | 6 физ.хемиски и 6 бактериолошки |

Од ова може да се заклучи дека квалитетот на водата за пиење се следи континуирано во сите водоводи со кои стопанисува ЈП„Комуналец"-Крива Паланка. Исто така се земаат мостри за анализа на водата и од бунарскиот систем „Св.Никола".

Резултатите од извршените анализи на мострите се доставуваат до ЈП„Комуналец"-Крива Паланка и по еден примерок добива и Републичката инспекција-Агенција за храна и ветерина со што истата има перманентен увид на квалитетот на водата за пиење од водоводите со кои стопанисува ЈП„Комуналец"-Крива Паланка .

ЈП„Комуналец"-Крива Паланка доставува секој месец резултати од анализа на мостра од сирова вода до Државниот инспекторат за животна средина за да го следат квалитетот на зафатената вода.

Дезинфекцијата на водата за пиење се врши со хлорирање кое е во согласност со важечките законски прописи.Хлорирањето е континуирано.На

градскиот водовод хлорирањето се врши автоматски со гасен хлоринатор во шахта која се наоѓа пред градските резервоари,а хлорирањето на останатите водоводи се врши со течен хлор ( натриум хипохлорит ) со систем капка по капка со капавци кои се поставени во сувите комори во резервоарите за вода. Во Трнци хлорирањето е со дозер пумпа која е поставена на постојниот цевковод и работи во моментот кога работи пумпата.

Секогаш се води сметка хлорирањето да биде редовно на минималната граница освен во случај на дефекти на водоводната линија кога се прави хиперхлорирање. Оваа година, по препорака на Институтот за јавно здравје, заради пандемијата концентрацијата на резидуален хлор ја одржувавме на средна граница од минималната т.е максималната пропишана вредност.

Во текот на 2021 година континуирано работеше бунарот во с.Конопница за водоснабдување на водовод Трнци, а бунарите од бунарскиот систем „Св.Никола“ беа вклучени во август, ноември и во декември, бидејќи во овие месеци имаше потреба од дополнителна количина на вода за задоволување на потребите на корисниците.

Одржувањето на канализационата мрежа во 2021 година исто така беше редовно и секојдневно како и за водоводната мрежа. Се одржуваше уличната канализациона мрежа, левиот и десниот колектор. Извршен е одвод од 521 449 m³ фекални води.

Во текот на 2021 год. на канализациона мрежа имаше 157 интервенции од кои 25 интервенции беа на главните колектори, а 132 интервенции на канализационата мрежа со мал профил и со помало времетраење на отчепување. Сите интервенции беа завршени во најкраток можен рок.

Како и секоја година очистени се испустите на канализационата мрежа затоа што целата отпадна вода за жал истекува во Крива Река и при истекот доаѓа до наталожување односно затварање на цевката.Имаше одредени потешкотии во одржувањето на канализационата мрежа затоа што и понатаму во истата се фрлаат разни предмети на кои што не им е местото во канализационата мрежа. Редовно се чистат главните шахти на колекторите и тоа од муљ и песок,а тоа е последица,бидејќи во самата канализациона мрежа се вклучени атмосферските води од дворните места и олуците, а тие носат песок и муљ.Во текот на цела година редовно се контролираа и чистеа шахтите кај колективните стамбени објекти. Исто така поради реконструкција на градскиот плоштад неколку пати е извршено испирање на канализационата мрежа на тој дел за да можат непречено да работат изведувачите.

Се правеа приклучувања на канализациона мрежа по барање на корисници на веќе изградените канализациони мрежи со кои стопанисува ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка.Оваа година ни беа прададени новоизградените канализациони мрежи - дел од Мизовски ливади и Крстата падина и се започна со изработка на приклучоци на истите, иако и овде заинтересираноста за приклучување е многу мала.

Според планот за дератизација со кој е опфатен левиот и десниот колектор и сите приклучни канализациони мрежи и оваа година се изврши дератизација од страна на стручни лица од фирмата „Зотокс" од Скопје и вработени во ЈП„Комуналец"- Кр.Паланка и тоа во 120 канализациони шахти со што е покриена целата градска канализациона мрежа,дел од канализациони шахти во село Конопница и село Мождивњак.Дератизацијата се изврши со поставување на соодветни парафински блокови.

Во текот на оваа година во соработка со Општина Крива Паланка се изведе дел од крак на канализациона мрежа „Цонев Рид",а другиот дел ќе се заврши во наредната година и со тоа ќе се реши многугодишниот проблем со одведување на урбани отпадни води на населението на овој дел од градот. Се направи реконструкција на дел од канализациона мрежа на улица „Илинденска"( зад Балкан) каде што имавме многу често проблеми со зачепување на канализационата мрежа.

Во 2021 година ЈП „Комуналец" – Крива Паланка го одржуваше системот за јавно осветлување во Општина Крива Паланка и учествуваше во новогодишното украсување на градот.

ЈП Комуналец Кр.Паланка ги извршува следните работи и тоа:

1.Собирање,транспортирање и депонирање на комунален отпад
2.Организирање на зелен пазар
3.Одржување на јавни површини во градот Кр.Паланка
4.Управување со гробишта во градот Кр.Паланкаа
5.Одржување на градска депонија
6.Зимско одржување на улици во Општина Кр.Паланка

1. Собирање,транспортирањеи депонирање на комунален отпад

Ј.П.Комуналец Кр.Паланка поседува дозвола бр. упи 23-93 од 19.04.2016 г. со евид.бр.274 од министерството за Животна средина и просторно планирање за вршење дејност собирање транспортирање и депонирање на комунален отпад во Општината Кр.Паланка. и лице со уверение за управување или постапување со отпад од 26.04.2016 г .арх.бр.11-12146/58 од Министерство за животна средина и просторно планирање.

Својата дејност ја извршуваше со 6 (шест) специјални возила за собирање на комуналниот отпад и тоа ,,ИВЕКО,,Со волумен 8.0м3 ,,ИВЕКО-ДЕЛИ 4*4 –со волумен 8.0м3 ,,МАН,,-со волумен 4.5м3 ,,БМЦ,,-со 6.5м3 ,МИТСУБИШИ,,-со волумен 6.0 м3 и ,,НИСАН,,-со волумен 2.5 м3 со кои се превземә отпадот од садовите за комунален отпад во градот ,од домаќинствата , правните лица и јавните институции во Општина Крива.Паланка. Ј.П.Комуналец врши собирање на комунален отпад по утврден распоред и време за собирање на комуналниот отпад. Комуналниот отпад се собира во Општината Кр.Паланка ,манастир,,Св,Ј.Осоговски,с.Жидилово,с,Узем,с.Д.Река,с.Конопница,с.Мождивњ ак,граничен премин со Република Бугарија и с Длабочица.На непристапните тесни и стрмни улици во градот Кр.Паланка комуналниот отпад се собираше со специјално возила ,,ИВЕКО- ДЕЛИ 4*4,,НИСАН,, трактор со приколка.

Од Општината Кр.Паланка и селата во 2021комуналниот отпад се собира од 4990 домаќинства(физички лица) , од 464 правни лица и 13 јавни институции .

Во 2021 набавени се 192 нови метални садови од 1.1м3 од програмата за управување со отпад на северо источен плански регион преку Министерството за животна средина на Р.Северна Македонија,кои се поставени на локации нис Општина Крива Паланка и е извршена замена на старите контејнери со нови а воедно и на одредени локации е зголемен бројот на садови за собирање на смет во Општина Крива Паланка.

Вкупен број на садови за комунален отпад,каде се одлага комуналниот отпад од правните лица и од домаќинствата од Општината Кр.Паланка се 216 контејнери со зафатнина од 1.1 м3, 255 садови со зафатнина од 200 лит. поставени од страна на Ј.П.Комуналец Кр.Паланка и нај разновидни садови(пл.садови,мали канти и др)од домаќинствата.Ј.П.Комуналец Кр.Паланка редовно го собираше комунален отпад и ги извршуваше работите од организирано собирање ,транспортирање и депонирање на комунален смет во градот Кр.Паланка.Имаше за потреба и дополнително ангажирање на возила и работници на ЈП Комуналец особено во пролетниот и есенскиот период кога има расчистување на дворовите,градините и зелените површини и имаше одлагање на градинарскиот отпад покрај контејнерите во форма на кабаст отпад и градежен шут и за ова ЈП Комуналец дополнително ангажира градежна машина,,СКИП.. ИВЕКО.. , мерцедес 12.13 ,и трактор особено на потегот на обиколница на градот Кр.Паланка од ул,,8-септември до ,,Мизовски ливади,, , Единство,,и ,,Кадиска чешма,, при што се соберени околу 152 м3 отпад.Ј.П. Комуналец учествуваше со возило и работници за рачистувањена диви депонии во градот, собирање и изнесување на земја и измешан градежен шут од ул,,Единство,,, ,,Кадиска чешма,, , ,,Лозаново,,и ,,Конопница,, во Општина Кр.Паланка. Отпадот што се собира се транспортира и депонира во комуналната депонија во с. Конопница Кр.Паланка. Годишно се депонираат околу 3200 т. комунален отпад од Општината Кр.Паланка.

2.Организирање на зелен пазар

Ј.П. Комуналец Кр.Паланка врши организирање на еднодневен зелен пазар во сабота во градот Кр.Паланка. Во 2021 г во дел од зелениот пазар се изгради посебен простор од 120 м2 за продажба на јајца, млеко и млечни производи опремен со 20 разладни витрини за сите оние кои сакаат да ги продаваат своите производи ќе бидат исполнети услови на ХАССАП системот и добра хигенска пракса при продажба во засебниот простор од зелениот пазар.

Зелениот пазар редовно се одржува,се мете и пере со хидратанска мрежа и се вршат поправки за непречено работење на самиот пазар и тоа.

- Поправка на ограда
- Поправка на санитарен чвор
- Дезинфекција на пазарот
- Тековно одржување на пазарот

3. Одржување на јавни површини во градот Кр.Паланка

J.П.Комуналец Кр.Паланка во 2021година согласно договорот со Опсштина Крива Паланка ја спроведе годишната програма на Општината Кр.Паланка за одржување на јавите површини.

Годишната програма за јавна чистота за 2021 ги опфаќа следните работни операции:

-Метење на јавни површини прва зона
-Метење на јавни површини втора зона
-Метење на јавни површини трета зона
-Миење на јавни површини прва зона
-Миење на јавни површини втора зона
-Зимско одрржување на јавни површини
-Уредување и одржување на јавни санитарни јазли
-Чистење и одржување на речни регулациони корита
-Чистење на наноси од јавни површини
-Одржување на постоечки атмосферски канализации
-Поставување и одржување на соодветни садови за отпадоци на јавни површини
-Чистење на рабници на јавни површини
-Чистење и отстранување на шут и комунален смет од диви депонии.

Метењето на јавни површини прва зона се извршуваше секој работен ден и опфаќа метење на главните улици Св.Јоаким Осоговски со тротоарите на потег од ,,Осички мост,, до ,, Касарна,, метење на плоштади , паркинзи и мостови.

Од страна на ЈП Комуналец Крива Паланка имаше дополнително организирано дежурни работници за одржување на јавна чистота за време на викенди и државни празници за зачувување на хигиената во централно градско подрачје во Крива Паланка.

Метењето на јавна површина прва зона е извршена во целост 100% од годишната програма.

Метењето на улиците втора зона - два пати во месецот е извршена на улиците,Илинденска,8-ми Октомври,Херој Карпош,Партизанска,Моша Пијаде,Јане Сандански,Прохор Пчински,Никола Тесла,Осоговска и извршена е 50% од годишната програма.

Метењето на јавни површини два пати во месецот-трета зона е извршено на улиците: Македонска,Димитар Арсов,17-та МУБ,Наско Тамбурков,Димитар Влахов,Гоце Делчев,8 ми Септември,Тротоар покрај регулација на Крива Река,Климент Охридски,Пиринска,Осоговска,Коце Металец,Пере Тошев,11-ти Октомври,Кочо Рацин,Јоаким Крчовски,Борис Арсов,Ратко Минев и е извршена 45%.

Позицијата од програмата за јавна чистота,Миење на јавни површини два пати во месецот е поделена во две зони и тоа миење на јавни површини два пати во месецот-прва зона и миење на јавни површини еднаш во месецот-втора зона.

Миењето на јавни површини еднаш во месецот од април до октомври ги опфаќа следните улици:главна улица Св.Јоаким Осоговски со тротоарите од Осички Мост до Касарна,Крак –два од соларски мост до спој со крак-1,плоштад

пред Општина,Стар плоштад , Паркиралишта на главна улица , мостови и гратски парк.

Миењето на јавните површини се спроведуваше со користење на постојната хидранска мрежа во ноќните часови кога има намалена фрекфенција на градскиот сообраќај и извршена е во целост.Миењето на јавни површини од втора зона која ги опфаќа сите други улици во градот Крива Паланка е вршена со помош на цистерна на ЈП Комуналец Крива Паланка и е исперена 45%.

Зимското одржување на јавни површини се спроведуваше на приоритетни површини , тротоарите на улица Св. Јоаким Осоговски на потегот од Осички Мост до Касарна , Градски плоштади,Градски парк , влез на градски пазар и градски пазар.Зимското одржување е извршено во зависност од бројот на врнежи во 2021 година.

Уредување и одржување на јавни санитарни јазли се изврши во целост во текот на 2021 година.

Чистење и одржување на регулациони корита и долови во 2021 година беше со мал обем на работа.Преку здружението на јавни комунални претпријатија АДКОМ требаше да се спроведе чистење на сливни подрачја , донација од Германија во соработка со програмата на ГТС каде Крива Паланка беше избрана но тоа не се реализира.

Чистење на наноси на јавни површини е извршена во целост во пролетниот и есенскиот дел од годината кога имаме зголемен број на пообилни дождови и создавање на наноси од земја и песок на јавните површини.

Одржување на постоечки атмосферски канализации е извршено со чистење на решетки од шахти од атмосферска канализација со вадење на нанесен материјал од решетките и таложниците .Оваа операција е извршена на сите места каде имало потреба да се исчистат решетките од нанаос на атмосферска канализација.

Поставување и одржување на соодветни садови за отпадоци на јавните површини во 2021-се набавени нови 30 мали пластични садови од 50 л кои се поставени на новиот градски плоштад но има потреба да се постават нови мали садовси за отпад во Крива Паланка.

Чистење на рабници на јавни површини е извршено со прскање против плевел на рабниците од коловозот и парапед во текот на 2021 година.

Чистење и отстранување на шут и комунален смет од диви депонии –ЈП Комуналец го отстрануваше разновидниот смет(Кабаст,растителен,пилевина,биоразградлив,градежен и инертен отпад)покрај контејнерите за отпад и дивите депонии создадени во Општина Крива Паланка и истиот е транспортиран и депониран во комуналната депонија во с.Конопница

4. Управување со гробиштата во градот Кр.Паланка

ЈП Комуналец Кр.Паланка е управител на гробиштата во Кр.Паланка.ЈП Комуналец Кр.Паланка постојниот објект на нови гратски гробишта го пренамени и сега по реконструкцијата и адаптацијата на објектот е во функција како гратска капела во Општина Кр.Паланка.Починатите лица во градот Кр.Паланка се погребуваа на гробишта во Кр.Паланка. Гробиштата

редовно се одржуваа се метеа,чистеја од смет и се косеше тревата и плевелот се третираше со хербициди.

Во 2021г.погребани се 190 лица од кои 142 во новите гробишта и 48 во старите градски гробишта и 98 примени починати лица во градска капела

Изработени се 92 рамки за гробници и 110 м пристапни стази до гробните места за дооформување на алинеја 10 и се извршија замјани работи за формирање на нова алинеја бр.11 и на истата се изработени стази од 90 м

На новиот обиколен пат во новите гробишта извршено е тампонирање со речен материјал.

При формиранње на новата гробна парцела 11 , формиран е пристапен пат со ширина од 5м и є со должина од 140м а на истиот е извршено насипување и тампонирање со соодветен гранулат на речен материјал,до парцела 11 исто така е формирана доводна и одводна водоводна линија со должина од 100м и е поставена една подземна дренажна линија поради голема количина на подземна вода и истата е спроведена во соодветна насока.

По должина на главниот пат е поставена електрична линија со пет пристапни електрични кутии и исто така по должина на главниот пат е поставен попречен дренажен систем кој ја собира атмосферската вода и ја насочува во соодветна насока.Во парцела 2 и парцела 10 е спроведена нова водоводна линија со должина од 94м.

Во парцела 8 е изградена бетонска патека со должина 30м и потпорен ѕид со должина од 8м

5. Одржување на градска депонија

Во Градската комунална депонија во с.Конопница Кр.Паланка се депонира целокупниот комунален отпад од Општината Кр.Паланка,околу 3200.тони годишно.Депонирањето и затрупувањето со земја на комуналниот отпад во депонијата се врши со градежна машина,, FIAT ,, и ,,JCB,,и за таа намена годишно се довезуваат 1300 м3 земја.Капацитетот на депонијата изнесува максимално уште 2-3 години за експлотација и тоа со санација на истата.

6. Зимско одржување на улиците и локалните патишта во Општината Кр.Паланка

Ј.П.Комуналец Кр.Паланка со Општината Крива.Паланка има склучно договор за зимско одржување на улиците во градот и на локалните патишта во Општината Кр.Паланка.

Зимското одржување на улиците и локалните патишта во Општината Кр.Паланка,од страна на Ј.П.Комуналец го извршуваше со градежна машина ..СКИП,, камион ,,Мерцедес,, , трактор со додатна опрема ,, плуг ,, и ,,соларка ,, и повеќе наменско возило,,Авант,,.Зимското одржување се спроведуваше согласно програмата за зимско одржување на приоритетните улици и локални патишта во Општината Кр.Паланка.Улиците беа редовно чистени од снег со градежна механизација,,СКИП,, камион и трактор со додатна опрема плуг за чистење на снег и ,,соларка ,,за посипување на камена ризла измешана со индустриска сол.

За зимското одржување на улиците и локалните патишта во Општината Кр.Паланка Ј.П.Комуналец потроши ,индустриска сол 125 тони и абразивен

материјал-камена ризла225,00 м3 и програмата за зимско одржување на улиците и локалните патишта беше извршена од страна на Ј.П.Комуналец Кр.Паланка.

Секторот Паркови и зеленило ги извршува работните операции по Програмата за подигање и одржување на градското зеленило во Крива Папанка за 2021.

Оваа Програма се заснова врз основа на член 5 и чл.7 став 1 од Закон за комунални дејности (сл.весник на РМ бр. 95/12) и Измени и дополнувања на законот за комунални дејности(Сл. Весници на РМ бр.163/13 , 44/15 и 147/15) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка (Сл.гласник на Општина бр. 8/2010) , донесена на Совет на Општина Крива Паланка, а ќе ја врши Јавното комунално претпријатие,, Комуналец ,,- основано од Општина Крива Паланка.

Програмата се изготвува со цел да се врши квалитетно и стручно одржување на градското зеленило, парковите, делови од речното корито, садниците , цветните површини и др.

Надзор на извршување на Програмата за 2021 год. врши Одделението за инспекциски надзор односно комуналниот инспектор.

Надоместокот и висината на финансиските средства за квалитетно и квантитетно извршување на оваа програма е утврдена од страна на Советот на Општината.

Наплата на извршените работи по програмата се врши по доставување на извештај, испратница и фактура изготвени од страна на ЈП,, Комуналец,,

Годишната програма за подигање и одржување на градското зеленило во Крива Паланка за 2021 год.ги опфаќа следните работни операции:

I - Одржување на постоечки зелени површини,

II- Зелени површини за косење,

III- Подигање на нови зелени површини

IV-Допорамнување на речно регулационо корито

V- Чистење на речно корито на Крива Река од несоодветна вегетација

VI –Чистење на несоодветна вегетација покрај главна улица

VII- Сечење икроење на дрвја надвиснати на јавни површини или истите претставуваат опасност по имотот и животот на граѓаните

VIII- Подигање на дрвореди

IX- Производство на цветен расад

X- Изработка на декоративни цветни форми

XI-Набавка на алат и опрема за работа

Овие операции ќе бидат прикажани во натамошниот текст одделно ,а на крајот ќе биде прикажан и рекапитулар за финансискиот дел.

## I. Одржување на постоечки зелени површини

- Зелена површина Борчева Кафана
- Зелена површина на влез и излез на градот
- Зелена површина пред Касарна
- Зелена површина Стар Пролетер
- Зелена површина околу Градски Музеј
- Зелена површина Градски Парк
- Зелена површина покрај ролерска- пешачка патека
- Зелена површина Пазарска Патека
- Зелена површина од Лилав Мост до Сточен пазар
- Зелена површина Стара Кожара
- Зелена површина покрај Големиот мост
- Зелена површина Парк Херој Карпош
- Зелена површина ул.Ратко Минев
- Зелена површина позади згради ул.Херој Карпош
- Зелена површина ул.8 ми Октомври
- Зелена површина пред Автобуска станица
- Зелена површина Кадиска чешма
- Зелена површина ул.Партизанска
- Зелена површина Осичка Мала(гаражи)
- Зелена површина на Главна улица Св.Јоаким Осоговски
- Пешачка патека Стара Вада

На овие зелени површини континуирано се вршеше машинско косење, собирање и утовар на трева,поливање со систем и рачно, собирање на смет, собирање на лист во есенските месеци,кроење на дрва,трендафили и грмушки, садење трендафили и грмушки, плевење и окопување, метење патеки, чистење фонтани, стругање патеки, чистење патеки од снег и тресење на снег од дрва.Произведени и засадени се околу 15 000 броја разни видови сезонско цвеќе во три турнуси .

## II.Зелени површини за косење

Во текот на 2021 год. 2-5 пати беше извршена само операцијата косење на зелените површините и тоа: по главната и голем број споредни улици просторот позади самата зграда на ул.Херој Карпош и покрај каналот, просторот кај згради на ул.8 ми Септември , Паркот кај Метролошка станица,речните корита на Крива и Дурачка река, просторот околу спортските терени, Домачки Дол,скали Пролетер ,ул.Осички мост – Бабин дол, стар и нов пат Манастир Св.Јоаким Осоговски.

## III. Подигање на нови зелени површини

Согласно законот за зеленило законска должност на Општината е секоја година да изврши подигање на нови зелени површини од најмалку 10% од Генералниот урбанистички план .Во програмата не беше планирано Подигање на Нова зелена површина на Градскот парк ,но со измена и дополнување на Програмата за 2021 беше додаден овој дел Хортикултурно уредување на новиот Градски парк.Тука се опфатени операции подигање на нови зелени површини, садење на сезонско цвеќе, садење на декоративни дрвца, садење на декоративни грмушки и перениво вредност од 300 000 ден.

## IV. Порамнување на речно регулационо корито на Крива река

## V. Чистење наречно корито на Крива Река од несоодветна вегетација

- Овие две операции не се извршени поради извршување на дополнителни работни операции во минор коритото на Крива река.

## VI. Чистење на несоодветна вегетација покрај главна улица

Во 2021 год. извршено е чистење на несоодветна вегетација покрај главна улица ( од ограда кај касарна,треска, карпош) кај пензионерски дом, Влез на град (кам), игралиште Бавчалк и од Осички мост до Тениско игралиште и околу спортски терени.

## VII. Сечењеи кроење на дрвја надвиснати над јавни површини или истите представуваат опасност по имотот и животот на граѓаните

По решенија доставени од комуналниот инспектор извршено е сечење на 13 броја дрвја од јавни површини, кроење на гранки надвиснати над јавни површини на повеќе локации низ Општината.

## VIII. Подигање на дрвореди

Во 2021год. од страна на Секторот Паркови и зеленило не е извршено подигање на дрвореди .

## IX. Производство на цветен расад

Секторот Паркови и Зеленило во текот на 2021 год. има произведено расаден материјал од разни видови сезонско цвеќе( тагетес, винка,агератум, салвија и др.) околу 17 000 броја и декоратини садници (туја , лаванда и др.) кои ги користиме за сопствени потреби за пополнување на цвените форми.

## X. Изработка и одржување на декоративни цветни форми

Во 2021 год. извршено е пополнување на декоративните цветни форми со мермер и мулч на зелените површини во Градскиот парк, кај Борчева кафана,

парк Херој Карпош и кај Стара кожара. Поставени се 169 броја бетонски жардињери околу детското игралиште во Градскиот парк.

XI-Набавка на алат и опрема за работа - Поставени се 169 броја бетонски жардињери околу детското игралиште во Градскиот парк.

Програмата за подигање и одржување на градското зеленило во Крива Паланка за 2021 год. Финансиски изнесува 4 575 000 од кои Секторот Паркови и зеленило има извршено работи со вкупна вредност од 2 732 330денари.

**Извршени работи по програмата за подигање и одржување на градското зеленило во Крива Паланка**

## РЕКАПИТУЛАР:

| | Раб.операции | Планиран износ/ден | Извршени работи/ден | Процент |
|---|---|---|---|---|
| | Одржување на постоечки зелени површини | 2 390 181 | 1 718 032 | 71,9% |
| | Косење на трева | 595 665 | 484 142 | 81% |
| | Уредување на нова зелена површина со трева | 641 734 | 299 600 | 46,7% |
| | Допорамнување на речно р.корито | 180 618 | / | / |
| | Чистење на речно корито на Крива река од врби | 82 137 | / | / |
| | Чистење на несоодветна вегетација покрај главна улица | 46 170 | 15 390 | 33,3% |
| | Сечење и кроење на дрвја надвиснати над јавни површини | 166 250 | 88 799 | 53% |
| | Подигање на дрвореди | 45 600 | / | / |
| | Производство на цветен расад | 76 000 | 39 000 | 51% |
| | Изработка на декоративни цветни форми | 60 800 | 30 000 | 49% |
| | Набавка на алат и опрема за работа | 175 845 | 23 761 | 13% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Фито и енто заштита и хербицирање | 19 000 | 16 860 | 88,7% |
| | Прихрана со ѓубрива | 57 000 | 16 746 | 29% |
| | Обновување на зелена површина со трева | 38 000 | / | / |
| | Вкупно: | 4 575 000 | 2 732 330 | 60% |

За 2021 год. вкупно е реализирано 60 % од планираните активности по програмата заподигање и одржување на градското зеленило,сите овие активности се извршуваа по налог.

Секторот Паркови и зеленило покрај тоа што ги извршува редовните активности по Програмата за подигање и одржување на градското зеленило извршува и активности по добиен тендер за Надворешно одржување на хигиена на Граничен премин Деве Баир со терминал и пристапен пат во износ од 2 416 050 ден за две години (2020,2021) од која сума приходот за 2021 год изнесува 1 093 218 ден.

Од страна на Општина Крива Паланка на ЈП Комуналец –Крива Паланка односно Секторот Паркови и зеленило доделени се на одржување Спортската сала,, Бранители 2001,, Повеќенаменското игралиште и Тениското игралиште од кои приходот од закажани рекреативни термини, тренинзи и натрпевари за 2021 год изнесува 195 420 ден.

Изготвиле:
Раководители:

Даниела Стефановска
Марина Димитрова
Валентина Велеска
Дејан Митровски
Драги Пеичиновски

**ЈП Комуналец-Крива Паланка**
**Директор,**
**М-р Миле Марковски дипл.геод.инж.**